**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**
**Медицински факултет – Скопје**
**Факултетско студентско собрание**

Врз основа на член 11 став 1 точка 11, а во врска со член 46 и 47 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Медицински факултет при УКИМ во Скопје и член 4 од Одлуката за формирање на комисии, Факултетското студентско собрание на седница одржана на ден 25.02.2022 година го распиша следниов

# КОНКУРС

***за пријавување на членови на комисии на Факултетското студентско собрание на Медицински факултет при УКИМ во Скопје***

Факултетското студентско собрание на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје, согласно одредбите од Статутот, на ден 29.03.2022 година спорведе гласање и избор за членови на комисии, согласно пријавените кандидати.

Поради непоплнување на местата, повторно го распишува Конкурс за пријавување на членови на комисии. Согласно Статутот, Факултетското студентско собрание ги формираше следниве комисии:

1. Комисија за спорт и здравје составена од 5 студенти,пополнето е едно од пет места;
2. Комисија за култура составена од 3 студенти;
3. Комисија за животна средина составена од 3 студенти;
4. Комисија за образование и наука составена од 5 студенти, пополнети се три од пет места;
5. Комисија за нормативна дејност составена од 3 студенти, пополнето е едно од три места;
6. Комисија за соработка и комуникација составена од 5 студенти, пополнето е едно од пет места;

Согласно одлуката за формирање на комисии, во работата на комисиите може да учествуваат сите редовни студенти на Медицинскиот факултет – Скопје. Еден студент може да членува најмногу во две комисии на Факултетското студентско собрание. Комисиите се должни најмалку два пати годишно да доставуваат извештај за својата работа до Факултетското студентско собрание.

Комисиите се должни на првиот свој состанок од редовите на свои членови да изберат претседател кој ќе ја раководи и координира нивната работа. Насоки за работата на комисиите дава ФССМЕДФ. Мандатот на членовите на комисиите трае една година.

Право на пријавување имаат сите редовни студенти кои студираат на студиските програми од било која година на Медицинскиот факултет во Скопје.

Потребни документи за пријавување:

- Мотивациско писмо (адресирано до ФССМЕДФ – Скопје);
- Кратко CV;
- Фотокопија од индекс;

Пријавите на овој конкурс се доставуваат **до архивата на Медицински факултет-Скопје** и на електронската пошта **fssmedf21@gmail.com**. Документите се поднесуваат **од 30.03.2022 година до 13.04.2022 година**.

Некомплетните пријави и документи кои се поднесени надвор од наведениот рок нема да се разгледуваат.

Резултатите од изборот ќе бидат објавени на веб страницата на факултетот.

29.03.2022г.

Скопје

Претседател

Ивана Балоска